**ОСНОВНО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ**
**„СВ.КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ "**
**Македонски Брод**
Ул:Партизанска бр33 6530 Македонски Брод
тел/фах 075 - 389-192
www.oouklimentohridski.edu.mk
e-mail:oukliment@yahoo.com
ou-svklimentohridski-makedonskibrod@schools.mk

Република Северна Македонија
Основно општинско училиште
„Св. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ"
Бр. 01-119/1
10.03. 2025 год.
МАКЕДОНСКИ БРОД

# П Р О Г Р А М А

За реализација на тродневна екскурзија со учениците од IX (деветто) одделение



Март, 2025 г. Раководител на екскурзијата Директор

Мак.Брод Златко Ристески Тони Ставрески

Врз основа на член 42 став (2) од Законот за основно образование („Службен весник на Република С. Македонија“ бр.161/19) и Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта бр.12-13487/1 од 19.11.2019 година донесен од министерот за образование и наука и врз основа на Годишната програма за работа на ООУ „Св. Климент Охридски“ од Македонски Брод бр.01-551/5 од 15.08.2024 година за учебната 2024/25 година е изготвена:

# ПРОГРАМА

**за изведување на тродневна екскурзија со учениците од IX (деветто) одделение од ООУ „Св. Климент Охридски “ од Македонски Брод**

## ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИ ЦЕЛИ НА ЕКСКУРЗИЈАТА

**Цел на екскурзијата:**

- совладување нови знаења;
- проширување на знаења;
- примена на вештини и ставови преку непосредно запознавање на појавите;
- однос во природата и општествената средина;
- да се посетат и доближат природните реткости на овој дел. Посетувајќи ги овие места да се создаде и поттикне љубов кон сопствената татковина, зачувување на сè она што е убаво и што е дадено од природата, внимавајќи при тоа и на еколошкиот аспект;
- да се посетат културно-историските споменици што гравитираат во овој дел;
- да се развие љубов и патриотско чуство кон својата татковина;
- со посетата на работните колективи да се создадат позитивни навики кон работата и љубов кон истата;
- учениците да ја воочат потребата од постојана работа и постојано создавање на добри дела;
- да се развие и другарството меѓу учениците.

**ЗАДАЧИ НА ЕКСКУРЗИЈАТА**:

- Изучување и истражување на објекти и појави во природата како и односите во општествениот живот
- Развивање интерес за природата и градење еколошки навики
- Запознавање со културата и начинот на живеење на луѓето во оделни краеви
- Градење на чувство за патриотизам.толеранција и соживот
- Развивање позитивен однос кон: националните, културните и естетските вредности
- Потикнување и манифестирање на позитивни емоции
- Социјализација, колективна заштита и стекнување на искуство за осамостојување и грижа за себе
- Развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво живеење

**ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ЕКСКУРЗИЈАТА:**

Наставно-научната екскурзија ќе се реализира во три дена во месец МАЈ 2025 год.

**ОДГОВОРНИ ЗА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА ЕКСКУРЗИЈАТА:**

Одговорни за реализирање на екскурзијата се одделенските раководители во паралелките во деветто одделение:

претседател на тимот: Златко Ристески-IX² одд.

Коце Богданоски IX-1 одд.

Наташа Когој IX одд. П.У.Манастирец

Рената Т. Кузманоска IX одд.П.У.Самоков

## ЛОКАЦИИ НА ПОСЕТА И ПРАВЦИ

Македонски Брод – Прилеп -Битола - Ресен – Охрид – Струга – Вевчани - Дебар – Маврово – Кичево – Македонски Брод.

**СОДРЖИНИ И АКТИВНОСТИ**

**ПРВ ДЕН**

Македонски Брод -Прилеп, посета на Манастир „Св.Архангел Михаил“ Варош и црквата „Св. Никола“ - Варош (појадок) ; посета на куќата на Блаже Конески во с. Небрегово.

Битола – посета на локалитетот Хераклеа (ручек) посета на Националниот парк „ Пелистер“ тргнување за Ресен и посета на Црква „Свети Георгиј“- Курбиново, сместување и вечера во Охрид.



Манастирскиот комплекс Свети Архангел Михаил вграден е како орловско гнездо меѓу карпите на југозападната страна на Марковите Кули. Првобитната црква на манастирот се наоѓала под нивото на денешната манастирска црква Свети Архангел Михаил. Таа била еднокорабна црква, од која денес е зачуван само еден мал ѕид во должина исток - запад, врз кој има и фрагмент од фреска на која е претставена ктиторска композиција, доста оштетена. Во врска со оваа црква постојат

претпоставки дека потекнува од XII век, дека била ѕидана на два ката и дека била посветена на свети Никола. Најновите истражувања покажуваат дека црквата датира од XII век, а доградена е во XIII и XIV век.



**Спомен-домот** на Блаже Конески објект т.е. спомен-дом кој се наоѓа во прилепското село Небрегово во Општина Долнени. Овој објект како значаен споменик на културата, припаѓа на руралната архитектура.[1] Оваа куќа е родниот дом на великанот на македонската книжевност, академик Блаже Конески.



**Хераклеја Линкестис** — градска населба од старомакедонско време до средниот век. Основана е кон средината на IV век пред н.е. од страна на кралот Филип II Македонски, како важен стратегиски пункт. Остатоците од материјалната култура од старомакедонската фаза на животот археолошки не се доволно истражени. Хераклеја Линкестис се наоѓа на јужната периферија на градот Битола, во подножјето на планината Баба.



**Свети Ѓорѓи** — главна и единствена манастирска црква на Курбиновскиот манастир, сместена над селото Курбиново, Преспа, во непосредна близина на Преспанското Езеро.

**ВТОР ДЕН**

Охрид- појадок, посета на Манастир„Св.Наум Охридски“; Наколно живеалиште„Град на вода.Охрид (ручек) Лихнидос, Стари град, Антички театар, Посета на Плаошник и Самоилова тврдина, Црква „Св. Софија“; Црква„Св.Јован Богослов“ –Канео, “ вечера, ноќевање.





**Св. Наум** — манастир изграден на висока карпа, над самото Охридско Езеро, на неговата најјужна точка, во една месност со ретка природна убавина. Подигнувањето на овој манастир е поврзано со името на Наум, Климентовиот соработник. Св. Наум, пред крајот на својот живот, го основал манастирот Св. Архангел и во 910 година бил погребан во него. Околу манастирот има повеќе други црквички, како: Света Петка, Свети Атанасиј, Агијазмо и др.



Наколните надводни живеалишта како начин на човечко егзистирање во специфична микросредина се особено карактеристични за праисторискиот период и тоа од времето на неолитот-младото камено доба, енеолитот-бакарното доба, бронзеното и железното време. Во 1977 година беа извршени првите подводни археолошки истражувања во Македонија на локалитетот Плоча Миќов Град, во Заливот на Коските, покрај јужниот брег на полуостровот Градиште, близу селото Пештани.

Црквата Света Софија е подигната по големата мисија на Св. Кирил и Методиј врз темелите на стара сакрална градба. Најверојатно таа служела како катедрала уште во времето на цар Самуил, кој кон крајот на X век својата престолнина ја пренел од Преспа во Охрид










**„Свети Јован Богослов Канео“** — една од најпознатите цркви во Охрид, на карпестиот рид над плажата Канео во стариот дел на градот.

## ТРЕТ ДЕН

Охрид појадок, тргнување за Струга во посета на Природно-научниот музеј, Вевчански извори- Вевчани.- Дебар -ХЕЦ Шпиље Дебар, Косовраски бањи, Манастир „Св. Георгиј Победоносец- Рајчица (Ручек), Бигорски Манастир„Св. Јован Крстител“, Кањонот на река Радика, Национален парк Маврово- Македонски Брод.



Вевчански извори



ХЕЦ „Шпилје“ располага со три агрегати, со установена моќност од 84 мегавати, со што, во просек, испорачува над 290 милиони киловат-часови електрична енергија годишно.



**Рајчица** — село во Општина Дебар, во областа Горен Дебар, во околината на градот Дебар.

Познато е по женскиот манастир „Св. Ѓорѓи“, метох на Бигорскиот манастир, кој е сместен во маалото Радовци



**Бигорски манастир Свети Јован Крстител** (*или* **Свештена бигорска обител**) — манастир што се наоѓа на патот помеѓу Гостивар и Дебар во непосредна близина на селата Ростуше, Битуше, Велебрдо и Требиште, по течението на реката Радика во Западна Македонија.





**ТЕХНИЧКА ОРГАНИЗАЦИЈА**

Екскурзијата ќе се изведува со правни лица кои ги исполнуваат следниве услови:

- да се регистрирани според прописите во РСМ за вршење на соодветна туристичка дејност
- да имаат успешно завршено најмалку 3 ученички екскурзии и други слободни ученички активности во последните 3 години
- да ги исполнуваат условите за превоз на група ученици согласно законот за безбедност на сообраќајот на патиштата и Правилникот за посебни технички барања на возилата со кои се превезуваат групи на деца.
- Автобусот да биде климатизиран
- Да има обезбедено лекар

**НАЧИН НА ФИНАНСИРАЊЕ:**

Финансиските средства ги обезбедуваат родителите /старателите на учениците.

**АНАЛИЗА НА НАСТАВНО – НАУЧНАТА ЕКСКУРЗИЈА**

По изведувањето на наставно- научната екскурзија да се изврши анализа и да се поднесе писмен извештај од страна на одговорните наставници.

**ЗАБЕЛЕШКА**: Секоја измена од техничка природа на барање на агенцијата ќе биде земена во предвид, доколку е во согласност со програмата.

Март , 2025 година

М. Брод

**ИЗРАБОТИЛ:**

Златко Ристески